# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 132** **28 јуни 2019, петок** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1905. | **Уредба** за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2020 година........................................ | 3 |
| 1906. | **Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“............................. | 4 |
| 1907. | **Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“..................... | 4 |
| 1908. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности........................................... | 5 |
| 1909. | **Одлука** за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад......... | 5 |
| 1910. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија........... | 5 |
| 1911. | **Одлука** за продажба на движни ствари................................................ | 6 |
| 1912. | **Одлука** за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Дуните“ , Општина Делчево......................................... | 7 |
| 1913. | **Одлука** за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.......................... | 7 |
| 1914. | **Одлука** за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ - Скопје за 2018 година.................... | 7 |
| 1915. | **Одлука** за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ - Скопје за 2018 година................................................... | 8 |
| 1916. | **Одлука** за продажба на движни ствари................................................ | 8 |
| 1917. | **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности........................................... | 8 |
| 1918. | **Одлука** за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална вода и гас $CO_2$ на локалитетот кај с. Брод и с. Бач, Општина Новаци............................... | 9 |

Стр.

1919. **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности........................................... 9
1920. **Одлука** за предавање на недвижност - градежно земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост............... 10
1921. **Одлука** за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Фондот за иновации и технолошки развој.................... 11
1922. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Кратово........ 11
1923. **Одлука** за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во вежбовната активност „TORRI“ во Република Италија............................................... 11
1924. **Одлука** за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија.. 12
1925. **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Институт за духовно културно наследство на Албанците...................... 12
1926. **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на далековод за приклучок и трака за транспорт на бакарна руда од отворен склад од рудникот Боров Дол до отворен склад од рудникот Бучим КО Дамјан, КО Тополница и КО Бучим, Општина Радовиш....................... 12
1927. **Програма** за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствените установи (2019 – 2022)........ 15
1928. **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на обрасците на барањата за издавање на меѓународна возачка дозвола и одобрение за управување со туѓо моторно возило во странство, како и формата и содржината на образецот на меѓународна возачка дозвола и одобрението за управување со туѓо моторно возило во странство.......................................... 36
1929. **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на обрасците на сообраќајната дозвола и на потврдата за пробно возење, како и начинот и постапката за нивно издавање*........................... 37
1930. **Одлука** за изменување на Одлуката за запирање на исплата на средства за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Северна Македонија на политички партии.... 37

Стр.

1931. **Правилник** за начинот на пресметка и уплата на аконтациите на данокот на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за доход и данок................................. 38
1932. **Одлука** за утврдување на максималните цени на услугите во роаминг во јавни мобилни комуникациски мрежи...................................... 41
1933. **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија на АД ЕСМ Скопје, подружница Енергетика за 2019 година........... 44
1934. **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија за Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за 2019 година................. 44
1935. **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход и регулирана просечна тарифа за 2019 година за вршење на регулираната енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, АД МЕПСО Скопје.......................................... 45
1936. **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход, просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, АД МЕПСО Скопје за 2019 година.......... 46
1937. **Одлука** за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување во краен случај со електрична енергија................................. 46
1938. **Одлука** за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување во краен случај со електрична енергија................................. 46
1939. **Одлука** за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи........................ 47
1940. **Одлука** за одобрување на предлогцени на пресметковните елементи за периодот од 1 јули до 31 декември 2019 година за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на портошувачи кои ги снабдува универзалниот снабдувач ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје............ 47
**Огласен дел**...................................... 1-112

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1905.**

Врз основа на член 9 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ПРИХОДИТЕ ОД ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ПО ОПШТИНИ ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Со оваа уредба се пропишува методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2020 година.

Член 2

Вкупните средства на приходите од данокот на додадена вредност наплатени во претходната фискална година за општините во Република Северна Македонија, општините во градот Скопје и градот Скопје се распределуваат во константен дел од по 3.000.000 денари за сите општини во Република Северна Македонија, на општините во градот Скопје и градот Скопје и променлив дел кој се распределува за општините во Република Северна Македонија во износ од 88%, а за општините во градот Скопје и градот Скопје во износ од 12%.

Член 3

Променливиот дел на средства за општините во Република Северна Македонија се распределува според следните критериуми:

- 65% според нивното учество во вкупниот број на жители во Република Северна Македонија без градот Скопје, согласно со податоците од последниот извршен попис на население објавени од Државниот завод за статистика,
- 27% според нивното учество во вкупната површина на територијата на Република Северна Македонија без градот Скопје, согласно со утврдените граници на општините од органот надлежен за работите за премер и катастар, и
- 8% според нивното учество во вкупниот број на населени места во Република Северна Македонија без градот Скопје, согласно со член 11 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Распределбата на средствата од став 1 на овој член на општините во Република Северна Македонија се врши според формулата:

$$Di = \frac{0{,}65\,EFn}{BZn} \cdot BZi + \frac{0{,}27 \cdot EFn}{Pn} \cdot Pi + \frac{0{,}08\,EFn}{BNMn} \cdot BNM$$

каде

Di - претставува дотација која се распределува на општината;

EFn - претставува вкупен променлив (варијабилен) износ на средства кои се распределуваат по општини;

BZn - претставува број на жители во Република Северна Македонија без градот Скопје, согласно со податоците од последниот извршен попис на население објавени од Државниот завод за статистика;

BZi - претставува број на жители во одделната општина за која се врши распределба на дотацијата, согласно со податоците од последниот извршен попис на население објавени од Државниот завод за статистика;

Pn - претставува површина на територијата на Република Северна Македонија без градот Скопје, согласно со утврдените граници на општините од органот надлежен за работите за премер и катастар;

Pi - претставува површина на подрачјето на одделната општина за која се врши распределба на дотацијата, согласно со утврдените граници на општината од органот надлежен за работите за премер и катастар;

BNMn - претставува број на населени места во Република Северна Македонија без градот Скопје, согласно со член 11 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија;

BNMi - претставува број на населени места во одделната општина за која се врши распределба на дотацијата, согласно со член 11 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Член 4

Променливиот дел на средства наменет за распределба на градот Скопје и на општините на градот Скопје од член 2 од оваа уредба се распределува во сооднос 40:60.

Износот на средства утврден во став 1 од овој член, наменет за општините во градот Скопје, се распределува според следните критериуми:

- 65% според нивното учество во вкупниот број на жители во градот Скопје, согласно со податоците од последниот извршен попис на население објавени од Државниот завод за статистика,
- 27% според нивното учество во вкупната површина на подрачјето на градот Скопје, согласно со утврдените граници на општините од органот надлежен за работите за премер и катастар и
- 8% според нивното учество во вкупниот број на населени места во градот Скопје, согласно со член 11 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Распределбата на средствата од став 2 на овој член на општините во градот Скопје се врши според формулата:

$$Di = \frac{0{,}65\,EFso}{BZsk} \cdot BZi + \frac{0{,}27 \cdot EFso}{Psk} \cdot Pi + \frac{0{,}08\,EFso}{BNMsk} \cdot BNM$$

каде

Di - претставува дотација која се распределува на општината во градот Скопје;

EFso - претставува вкупен променлив (варијабилен) износ на средства кои се распределуваат за општините во градот Скопје;

BZsk - претставува број на жители во градот Скопје, согласно со податоците од последниот извршен попис на население објавени од Државниот завод за статистика;

BZi - претставува број на жители на општината во градот Скопје за која се врши распределба на дотацијата, согласно со податоците од последниот извршен попис на население објавени од Државниот завод за статистика.

Psk - претставува површина на подрачјето на градот Скопје, согласно со утврдените граници на општините од органот надлежен за работите за премер и катастар;

Pi - претставува површина на подрачјето на одделната општина во градот Скопје за која се врши распределба на дотацијата, согласно со утврдените граници на општината од органот надлежен за работите за премер и катастар;

BNMSsk - претставува број на населени места во градот Скопје, согласно со член 11 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија;

BNMi - претставува број на населени места во одделната општина во градот Скопје за која се врши распределба на дотацијата, согласно со член 11 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 2020 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-4598/1 | Претседател на Владата |
| 25 јуни 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**1906.**

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18) и член 35 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА НА РИБИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКИ РИБОЛОВ НА РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „ОХРИДСКО ЕЗЕРО“**

1. Со оваа одлука се доделува концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“ на Трговско друштво за производство, трговија и услуги ЛЕТНИЦА-БЕЛВИЦА Милорад ДООЕЛ увоз-извоз Струга, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“ бр.44-5257/9 од 17 јули 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.134/18).

2. Трговското друштво за производство, трговија и услуги ЛЕТНИЦА-БЕЛВИЦА Милорад ДООЕЛ увоз-извоз Струга достави понуда со број 14-10860/25 од 24.12.2018 година.

3. Трговското друштво за производство, трговија и услуги ЛЕТНИЦА-БЕЛВИЦА Милорад, ДООЕЛ увоз-извоз Струга ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација.

4. Времетраењето на доделената концесија на рибите од точка 1 на оваа одлука изнесува шест години.

5. Надоместокот за доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 9.922 500,00 денари за шест години, односно 1.653 750,00 денари на годишно ниво.

6. Најповолниот понудувач е должен да го потпише Договорот за концесија во рок од три дена од денот на приемот на договорот.

7. Во име на Владата на Република Северна Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

8. Надзор над спроведувањето на концесијата ќе врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

9. Жалба против оваа одлука може да се изјави до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од осум дена од денот на приемот на оваа одлука, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката.

10. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-1770/9 | Претседател на Владата |
| 25 јуни 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**1907.**

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18) и член 35 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА НА РИБИТЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ НА РЕКРЕАТИВНАТА ЗОНА „ОХРИДСКО ЕЗЕРО“**

1. Со оваа одлука се доделува концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“ на Трговско друштво за

производство, трговија и услуги ЛЕТНИЦА-БЕЛВИЦА Милорад, ДООЕЛ увоз-извоз Струга, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“ бр. 44-5257/7 од 17 јули 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.134/18).

2. Трговското друштво за производство, трговија и услуги ЛЕТНИЦА-БЕЛВИЦА Милорад, ДООЕЛ увоз-извоз Струга достави понуда со број 14-10860/26 од 24.12.2018 година.

3. Трговското друштво за производство, трговија и услуги ЛЕТНИЦА-БЕЛВИЦА Милорад, ДООЕЛ увоз-извоз Струга ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација.

4. Времетраењето на доделената концесија на рибите од точка 1 на оваа одлука изнесува шест години.

5. Надоместокот за доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 100% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

6. Најповолниот понудувач е должен да го потпише Договорот за концесија во рок од три дена од денот на приемот на договорот.

7. Во име на Владата на Република Северна Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

8. Надзор над спроведувањето на концесијата ќе врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

9. Жалба против оваа одлука може да се изјави до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од осум дена од денот на приемот на оваа одлука, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката.

10. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-1770/10 — Претседател на Владата
25 јуни 2019 година — на Република Северна Македонија,
Скопје — **Зоран Заев,** с.р.

---

**1908.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижна ствар што се наоѓа на КП 1545 , место викано Село, КО К’шање и тоа:

- зграда 6, намена на зграда Е13, влез 1, кат пр, внатрешна површина на посебниот дел од зградата од 26 м2, во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3718/1 — Претседател на Владата
25 јуни 2019 година — на Република Северна Македонија,
Скопје — **Зоран Заев,** с.р.

---

**1909.**

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка,рециклирање и уништување на отпад на движни ствари - опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката за усвојување на Извештајот од извршениот годишен попис на основните средства, ситниот инвентар, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2018 година број 02-109/3 од 30.1.2019 година, донесена од Управниот одбор на Јавната здравствена установа Здравствен дом Велес.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3824/1 — Претседател на Владата
25 јуни 2019 година — на Република Северна Македонија,
Скопје — **Зоран Заев,** с.р.

---

**1910.**

Врз основа на член 44 став 4 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Основен граѓански суд Скопје му престанува користењето на движна ствар - патничко моторно возило со регистарски број SK-282-NN, марка Мерцедес, комерцијална ознака на возилото 200, идентификационен број на возилото WDB1240231B786128, година на производство 1992, категорија и вид на возилото М1- патничко, облик и намена на каросеријата АА- лимузина, тип на моторот 1029821,зафатнина на моторот (cm3) 2000, силина на моторот (kW) 100, вид на гориво дизел, идентификационен број на моторот 22439089, број на оски 2, боја на возилото металик црна/20.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Член 3

Претседателот на Основниот граѓански суд Скопје склучува договор со директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-3892/1 | Претседател на Владата |
| 25 јуни 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

---

**1911.**

Врз основа на член 47 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19) , Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ**

Член 1

Да се изврши продажба на движните ствари – патнички моторни возила, за старо железо, сопственост на Република Северна Македонија, чиј корисник е Државниот архив на Република Северна Македонија и тоа:

1. Патничко моторно возило Тофаш Доган, Регистарска ознака SK 978 HU, Марка ТОФАШ, Тип ДОГАН, Број на шасија NM413B0000963344, Број на мотор 131D10166199177, Година на производство 1995, Сила на мотор во KW 63 KW, Зафатнина на моторот 1581 cm3, Боја на каросеријата 80 мет. плава,

2. Патничко моторно возило Волксваген Голф, Регистарска ознака SK 792 PH, Марка Волксваген, Тип Голф 1.9 D, Број на шасија WVWZZZ1HZNW130416, Број на мотор 1Y094620, Година на производство 1992, Сила на мотор во KW 47 KW, Зафатнина на моторот 1896 cm3, Боја на каросеријата 5R жолта,

3. Патничко моторно возило Рено 4-s, Регистарска ознака SK 873 BO, Марка Рено, Тип 4 s, Број на шасија 5711907, Број на мотор 050612286, Година на производство 1977, Сила на мотор во KW 25 KW, Зафатнина на моторот 845 cm3, Боја на каросеријата 7F св.сива,

4. Патничко моторно возило Цитроен AX-TGE, Регистарска ознака SK 078 GJ, Марка Цитроен, Тип AX-TGE, Број на шасија VF7ZAZJ0029ZJ1789, Број на мотор 10FP0A1032839, Година на производство 1984, Сила на мотор во KW 40 KW, Зафатнина на моторот 1124 cm3, Боја на каросеријата 74 црвена,

5. Патничко моторно возило Рено 4, Регистарска ознака SK 114 GT, Марка Рено, Тип 4 GTL, Број на шасија 00416111, Број на мотор 000237993, Година на производство 1982, Сила на мотор во KW 25 KW, Зафатнина на моторот 845 cm3, Боја на каросеријата зелена/38,

6. Патничко моторно возило Рено Еспајс, Регистарска ознака TE 992 CE, Марка Рено, Тип Еспајс, Број на шасија VF8J637050R454859, Година на производство 1994.

7. Патничко моторно возило Југо 45, Регистарска ознака SK 9136 AJ, Марка Југо, Тип 45, Број на шасија 0108181, Број на мотор 00347110, Година на производство 1991, Сила на мотор во KW 33,1 KW, Зафатнина на моторот 903 cm3, Боја на каросеријата 74 црвена.

Член 2

Продажбата на движните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши заедно по пат на електронско јавно наддавање преку електронскиот систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии – Управа за имотно – правни работи со процената вредност согласно Процената од Бирото за судски вештачења број CB V -21/19 од 4.3.2019 година и број CB/EL V-21-2/19 од 16.5.2019 година во која е процената вкупната вредност на движните ствари во износ од 55.700 денари.

Почетната цена на електронското јавно наддавање изнесува 10 денари за еден килограм без ДДВ или во вкупен износ од 55.700 денари.

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: www.e-aukcii.finance.gov.mk.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 45-3912/1 | Претседател на Владата |
| 25 јуни 2019 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

**1912.**

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА КОНЦЕСИЈАТА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ДУНИТЕ“ , ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

1. Со оваа одлука концесијата за експлоатација минерална суровина – песок и чакал на локалитетот “Дуните“, општина Делчево, доделена со Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот “Дуните“, општина Делчево бр.24-7390/1 од 5.12.2013 година на Трговското друштво за производство, трговија и услуги “ОБЕЛ ГРАДБА“ ДООЕЛ увоз-извоз с.Град Делчево, престанува да важи заради истек на рокот за периодот на кој е доделена концесијата.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3914/1
25 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1913.**

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со електронско јавно наддавање да се отуѓи градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија кое претставува Г.П.бр.2 КО Гази Баба составена од К.П.бр.1214/2 КО Гази Баба во површина од 65м² запишана во Имотен лист број 45100, К.П.бр.1222/5 КО Гази Баба во површина од 1м² запишана во Имотен лист број 9168, К.П.бр.1223 КО Гази Баба во површина од 574 м² запишана во Имотен лист број 44673, К.П.бр.1222/4 КО Гази Баба во површина од 378м² запишана во Имотен лист број 9168, К.П.бр.2162/4 КО Гази Баба во површина од 149м² запишана во Имотен лист број 47104, К.П.бр.2162/5 КО Гази Баба во површина од 23м² запишана во Имотен лист број 47077, К.П.бр.1222/2 КО Гази Баба во површина од 54м² запишана во Имотен лист број 9168, К.П.бр.1215/3 КО Гази Баба во површина од 142м² запишана во Имотен лист број 44166, К.П.бр.1215/7 КО Гази Баба во површина од 1м² запишана во Имотен лист број 47104, К.П.бр.1222/3 КО Гази Баба во површина од 107м² запишана во Имотен лист број 9168, К.П.бр.1222/1 КО Гази Баба во површина од 5277м² запишана во Имотен лист број 9168 и К.П.бр.1214/3 КО Гази Баба во површина од 9м² запишана во Имотен лист број 47104, согласно Архитектонско урбанистички проект за Г.П.бр.2 (органи на локална самоуправа) од Детален урбанистички план за дел од Урбана заедница Автокоманда, Локална самоуправа и дел од комплекс Факултети општина Гази Баба, со потврда за заверка број 28-3/3158/26 од 22.11.2018 година со намена на градба на В4-државни институции, органи на локална самоуправа со компатибилни класи на намена: А2-домување во станбени згради, Б1-мали комерцијални и деловни објекти, Б2-големи трговски единици, Б3-големи угостителски единици, Б4-деловни простории и В3-култура (вк.макс. збир 49%).

Член 2

Оваа одлука да ја спроведе Општина Гази Баба, согласно Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Македонија за Општина Гази Баба („Службен весник на Република Македонија“ бр.22/12).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3936/1
25 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1914.**

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА „МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ“ - СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ - Скопје за 2018 година, бр.0201-915/2 од 21.2.2019 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 21.2.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3937/1
25 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1915.**

Врз основа на член 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА „МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ“ - СКОПЈЕ ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ - Скопје за 2018 година, бр.0201-1376/1 од 21.3.2019 година, усвоен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 21.3.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3937/2
25 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1916.**

Врз основа на член 47 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ**

Член 1

Да се изврши продажба на движни ствари – патнички моторни возила, за старо железо, сопственост на Република Северна Македонија, чиј корисник е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Државен инспекторат за земјоделство и тоа:

1. Марка Mercedes, тип 200 Touring – D, година на производство 1989, број на мотор 60191210052525, сила на мотор 53 KW, зафатнина на моторот 1997 cm3, боја на каросеријата кафеава/64, регистарска ознака SK-0387-AK, број на шасија WDB1241801F028624,

2. Марка Volkswagen, тип Golf JGLD, година на производство 1984, број на мотор JK306553, сила на мотор 40 KW, зафатнина на моторот 1558 cm3, боја на каросеријата бела 01, регистарска ознака VE-115-KA, број на шасија WVWZZZ17ZEW205658,

3. Марка Suzuki alto, тип 1.0, година на производство 1995, број на мотор G10BINO112897, сила на мотор 39 KW, зафатнина на моторот 993 cm3, боја на каросеријата црвена 74 регистарска ознака BT-793-CA, број на шасија MA3EFA11S00112093,

4. Марка KIA Sportaz, тип 2.0 4W D, година на производство 1995, број на мотор 7C4953, сила на мотор 135 KW, зафатнина на моторот 1998 cm3, боја на каросеријата 74 црвена, регистарска ознака SK 023 RF, број на шасија KNAJA553585104144,

5. Марка Peugeot 106, тип Aktiv, година на производство 2000, број на мотор / , сила на мотор /, зафатнина на моторот /, боја на каросеријата бела, регистарска ознака SK 339 HT, број на шасија VF31AVJZE52491041,

6. Марка Suzuki alto, тип 1.0 3D, година на производство 1995, број на мотор C10B1NO119944, сила на мотор 38.88 KW, зафатнина на моторот 993 cm3, боја на каросеријата темна плава 99, регистарска ознака SK-036-VK, број на шасија MA3EFA11S00119178,

7. Марка Suzuki alto, тип 1.0, година на производство 1995, број на мотор G10BIN112485, сила на мотор 40 KW, зафатнина на моторот 993 cm3, боја на каросеријата бела 01, регистарска ознака ST-365-VI, број на шасија MA3EFA11SOO111570,

8. Марка Suzuki alto, тип 1.0, година на производство 1995, број на мотор INO112892, сила на мотор 38 KW, зафатнина на моторот 993 cm3, боја на каросеријата црвена/ 74 регистарска ознака SK-8137-AH, број на шасија MA3FFA11SOO-112075 и

9. Марка Yugo, тип Koral 65 – 1.3, година на производство 1993, број на мотор 40071410, сила на мотор 48 KW, зафатнина на моторот 1299 cm3, боја на каросеријата бела 01, регистарска ознака SK 3190 AD, број на шасија VX1145A01030094.

Член 2

Продажбата на движните ствари од член 1 на оваа одлука ќе се изврши заедно по пат на електронско јавно наддавање, преку електронскиот систем за јавно наддавање со кој управува и оперира, Министерството за финансии – Управа за имотно – правни работи, со проценета вредност утврдена согласно Процената од Бирото за судски вештачења бр. CB V - 265/18 од 9.4.2019 година и Дополнителна Процена бр. CB V 93/19 од 15.5.2019 година, во која е проценета вкупната вредност на движните ствари во износ од 81.810,00 денари.

Почетната вредност на електронското јавно наддавање претставува вкупната проценета вредност и истата изнесува 81.810,00 денари.

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: www.e-aukcii.finance.gov.mk.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-3989/1
25 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1917.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Служ-

бен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари кои се наоѓаат на КП бр. 11952, на ул. Д. Чуповски бр.9-Скопје, КО Центар 1 и тоа:

- зграда 1, намена на зграда В4-10, влез 1, кат приземје, број 1, намена на посебен дел од зграда ДП, внатрешна површина од 276 м2 и
- зграда 1, намена на зграда В4-10, влез 1 , кат приземје, број 1, намена на посебен дел од зграда ХС, со внатрешна површина од 14 м2,

во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4122/1
25 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1918.**

Врз основа на член 41 став (10) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19) и член 17 став 3 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15 и 215/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МИНЕРАЛНА ВОДА И ГАС $CO_2$ НА ЛОКАЛИТЕТОТ КАЈ С. БРОД И С. БАЧ, ОПШТИНА НОВАЦИ**

Член 1

Концесијата за експлоатација на минерална суровина – минерална вода и гас $CO_2$ се доделува во функција на експлоатација на минералната суровина – минерална вода и гас $CO_2$ на локалитетот кај с. Брод и с. Бач, Општина Новаци.

Со оглед на фактот дека правото за експлоатација на минерална суровина се стекнува со доделување на концесија, единствен начин за продолжување на дејноста е да се додели под концесија минералната суровина определена со оваа одлука.

Член 2

Како основни цели за доделување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – минерална вода и гас $CO_2$ на локалитетот кај с.Брод и с.Бач, општина Новаци е создавање на услови за рамномерно искористување на минералната суровина и создавање услови за нејзина експлоатација.

Член 3

Предмет на концесијата е експлоатација на минерална суровина – минерална вода и гас $CO_2$ на локалитетот кај с. Брод и с .Бач, Општина Новаци.

Концесијата за експлоатација на минерална суровина – минерална вода и гас $CO_2$ ќе се додели на понудувачот кој ќе ги исполни условите содржани во тендерската документација и јавниот повик.

Член 4

Постапката за доделување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – минерална вода и гас $CO_2$ ќе биде спроведена по пат на јавен повик со електронска аукција во рок од 360 дена од денот на формирање на Комисијата за спроведување на постапката.

Заради спроведување на постапката за доделување на концесија за експлоатација, Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за економија формира Комисија за спроведување на постапката во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Комисијата од став 2 од овој член ја подготвува тендерската документација, јавниот повик вклучувајќи го и нацртот на договорот. Тендерската документација на предлог на министерот за економија се доставува до Владата на Република Северна Македонија на одобрување.

По одобрување на тендерската документација за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина, Комисијата од став 2 на овој член во рок од десет дена ќе го објави јавниот повик согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

Член 5

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација ќе изнесува 6.000,00 денари.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4142/1
25 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

**1919.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари кои се наоѓаат на КП 2147/1, на улица Б. Стефковски- Скопје, КО Маџари и тоа:

- зграда 1, намена на зграда В4-1, влез 1, кат приземје, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП ,со внатрешна површина од 108 м2;
- зграда 2, намена на зграда В4-1, влез 1, кат ма, број на посебен дел од зграда 2, намена на посебен дел од зграда ДП ,со внатрешна површина од 116 м2;
- зграда 4, намена на зграда В4-1, влез 1, кат приземје, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП ,со внатрешна површина од 115 м2;
- зграда 5, намена на зграда В4-1, влез 1, кат приземје, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП ,со внатрешна површина од 10 м2;
- зграда 6, намена на зграда В4-1, влез 1, кат приземје, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП ,со внатрешна површина од 59 м2;
- зграда 7, намена на зграда В4-1, влез 1, кат приземје, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП ,со внатрешна површина од 14 м2;
- зграда 7, намена на зграда В4-1, влез 2, кат приземје, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП ,со внатрешна површина од 14 м2;
- зграда 8, намена на зграда В4-1, влез 1, кат приземје, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП ,со внатрешна површина од 11 м2 и
- зграда 8, намена на зграда В4-1, влез 2, кат приземје, број на посебен дел од зграда 1, намена на посебен дел од зграда ДП ,со внатрешна површина од 10 м2,

во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-4144/1 — Претседател на Владата
25 јуни 2019 година — на Република Северна Македонија,
Скопје — **Зоран Заев,** с.р.

---

**1920.**

Врз основа на член 33 став (2) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ - ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ВЛАДЕНИЕ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ СКОПЈЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ**

Член 1

Со оваа одлука на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост - како предлагач на експропријацијата, да му се предаде во владение недвижност-градежно земјиште кое претставува:

1. Дел од КП бр.777 (стара состојба), односно КП бр.777/4 (нова состојба) КО Горна Лешница со површина од 853 м2, запишана во Имотен лист бр. 114, КП бр.777/1 (нова состојба) КО Горна Лешница со површина од 1112 м2, запишана во Имотен лист бр. 114, КП бр.777/2 (нова состојба) КО Горна Лешница со површина од 625 м2, запишана во Имотен лист бр.114 и КП.бр.777/3 (нова состојба) КО Горна Лешница со површина од 252 м2, запишана во Имотен лист бр.114, согласно Решение за експропријација Уп. бр. 2508-45/2018-1 од 13.3.2019 година на Министерство за финансии - Управа за имотно правни работи, Подрачно Одделение за првостепена управна постапка во Тетово, за изградба на објект од јавен интерес Магистрален гасовод Делница 5 Скопје-Тетово-Гостивар со крак до Тетово и ГМРС Тетово и ГМРС Гостивар;

Доколку податоците во електронската пресметка „е-ППД" на исплатувачот од членот 84 од Законот се точни, одобрувањето на точните податоци се врши со доделување на Фолио број на пресметката, при што се издава Рекапитулација за утврдување на аконтација на данокот на доход со статус „Одобрена" и збирен налог за едновремено плаќање на данокот на доход и исплата на нето доход. Истовремено, по електронски пат до носителите на платен промет се доставуваат поединечни налози за едновремено плаќање на данок на доход и исплата на нето доход.

Плаќањето на данокот на доход и исплатата на нето доходот кај носителот на платниот промет се врши на образецот ПП53.

Доколку исплатувачот од ставот 1 на овој член не изврши исплата на доходот и плаќање на аконтацијата на данокот на доход во рок од 30 дена од одобрувањето на електронската пресметка „е-ПДД" електронската пресметка се отфрла од страна на органот за јавни приходи, а збирните налози за едновремено плаќање на данокот на доход и за исплата на нето доход се поништуваат.

Член 14

Одобрувањето на точните податоци од електронската пресметка „е-ППД" на обврзникот кој во текот на годината остварува доход кој подлежи на оданочување врз основа на Законот и обврзникот-нерезидент се врши по претходна проверка на податоците за остварениот доход и други податоци битни за утврдување на аконтацијата на данокот на доход.

По одобрување на пресметката на обврзникот од ставот 1 на овој член, се доделува Фолио број и се издава Рекапитулација за утврдување на аконтација на данокот на доход со статус „Одобрена" и налог за плаќање на данок на доход, односно налози за плаќање на месечни аконтации на данок на доход.

Плаќањето на данокот на доход кај носителот на платниот промет се врши на образец ПП53.

Доколку органот за јавни приходи по извршена проверка на податоците за остварениот доход и други податоци битни за утврдување на аконтацијата на данокот на доход не ја одобри пресметката поднесена од обврзникот од ставот 1 на овој член, изготвува електронска пресметка за аконтацијата на данокот на доход, решение за утврдување на аконтација на данокот на доход и налог за плаќање на данок на доход, односно налози за плаќање на месечни аконтации данок на доход.

Член 15

Исплатувачот од членот 84 од Законот, како и обврзникот кој во текот на годината остварува доход кој подлежи на оданочување со данок на доход врз основа на Законот и обврзникот-нерезидент (со исклучок на остварениот доход од закуп и подзакуп, капитални добивки и доход остварен од странство), кој во електронската пресметка по која е извршено плаќање на аконтација на данок на доход пополнил неточни податоци за видот на доходот или одбитоците или други податоци, поднесува исправка на електронската пресметка со наведување на бројот на пресметката која ја исправа.

Во исправката на електронската пресметка исплатувачот и обврзникот од ставот 1 на овој член не може да врши исправка на износот на исплатениот нето-доход.

Доколку исплатувачот и обврзникот од ставот 1 на овој член во исправката на електронската пресметка изврши промена на видот на исплатениот доход и тоа предизвика погрешно платена аконтација на данокот на доход, се издава налог за пренасочување на погрешно платениот данок.

Доколку исплатувачот и обврзникот од ставот 1 на овој член со исправка на електронската пресметка изврши промена на одбитоците кои ја намалуваат даночната основа и тоа предизвика повеќе платена аконтација на данокот на доход, износот на повеќе платен данок се прикажува во Рекапитулацијата за утврдување на аконтација на данокот на доход.

Доколку за остварениот доход од закуп и подзакуп, настанала промена на податоците кои влијаат на утврдувањето на месечните аконтации на данокот на доход, обврзникот од ставот 1 на овој член поднесува електронска пресметка за промена. Доколку претходно пресметаните месечни аконтации на данокот на доход се платени и промената предизвика повеќе платена аконтација на данок на доход, износот на повеќе платен данок се прикажува во Рекапитулацијата за утврдување на аконтација на данокот на доход.

Член 16

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на пресметка и уплата на аконтациите на персоналниот данок на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за приход и данок („Службен весник на Република Македонија" бр. 197/17).

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 20-5971/1
25 јуни 2019 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Драган Тевдовски,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

**1932.**

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 5 и член 75-а од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија 98/2019), а во согласност со Спогодбата за намалување на цената на роаминг услугите во јавните мобилни комуникациски мрежи во регионот на Западен Балкан потпишана на 4.4.2019 година помеѓу министерствата одговорни за областа на електронски комуникации: Република Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Република Северна Македонија, Република Србија и Косово (во понатамошниот текст само Спогодба), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 25.6.2019 година донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИТЕ ЦЕНИ НА УСЛУГИТЕ ВО РОАМИНГ ВО ЈАВНИ МОБИЛНИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

I

На операторите кои поседуваат јавни мобилни комуникациски мрежи и обезбедуваат јавни мобилни комуникациски услуги во Република Северна Македонија им се утврдуваат следните услови и максимални цени на услугите кои ги нудат во роаминг:

а) Максимални малопродажни цени на роаминг услугите во регионот на Западен Балкан (без ДДВ)

Од 1 јули 2019 до 30 јуни 2021 година, операторите на јавни мобилни комуникациски мрежи во Република Северна Македонија за роаминг услуги можат да применуваат дополнителни надоместоци на домашните малопродажни цени за обезбедување на регулирани малопродажни услуги во роаминг.

Максималниот износ на дополнителните надоместоци за обезбедување регулирани малопродажни услуги во роаминг е даден во Табела 1 (без ДДВ).

Табела 1:

| Услуга | Дополнителен надоместок (01.07.2019. - 30.06.2020.) | Дополнителен надоместок (01.07.2020. - 30.06.2021.) |
|---|---|---|
| Регулиран појдовен повик во роаминг | 0,05 €/min | 0,05 €/min |
| Регулиран дојдовен повик во роаминг | 0,04 €/min | 0,025 €/min |
| Регулирана појдовна СМС порака во роаминг | 0,02 €/SMS | 0,02 €/SMS |
| Регулирани услуги за пренос на податоци во роаминг | 0,025 €/MB | 0,015 €/MB |

„Регулиран повик во роаминг“ е повик во мобилната говорна телефонија направен од претплатник во роаминг, кој потекнува од посетената мрежа и завршува во јавна комуникациска мрежа во рамките на земјите кои што се потписнички на Спогодбата или е повик кој е примен од претплатник во роаминг, кој потекнува од јавна комуникациска мрежа во рамките на земјите кои што се потписнички на Спогодбата и завршува во посетената мрежа;

„Регулирана СМС порака во роаминг“ значи СМС порака испратена од претплатник во роаминг, која потекнува од посетена мрежа и завршува во јавна комуникациска мрежа во рамките на земјите кои што се потписнички на Спогодбата или е примена од претплатник во роаминг, која потекнува од јавна комуникациска мрежа во рамките на земјите кои што се потписнички на Спогодбата и завршува во посетената мрежа;

„Регулирани услуги за пренос на податоци во роаминг“ е услуга во роаминг што овозможува користење на пренос на податоци преку комутација на пакети од страна на претплатник во роаминг преку неговиот мобилен уред додека е поврзан на посетена мрежа. Регулирани услуги за пренос на податоци во роаминг не го вклучува преносот или приемот на регулираните повици во роаминг или регулираните СМС пораки во роаминг, но вклучува и пренос и примање на MMS пораки;

Збирот на домашните малопродажни цени и дополнителните надоместоци за обезбедување на регулирани малопродажни услуги во роаминг не смее да биде поголем од максималниот износ на регуларните малопродажни услуги во роаминг кој е даден во Табела 2 (без ДДВ).

Табела 2:

| Услуга | Максимална цена (01.07.2019. - 30.06.2020.) | Максимална цена (01.07.2020. - 30.06.2021.) |
|---|---|---|
| Регулиран појдовен повик во роаминг | 0,19 €/min | 0,19 €/min |
| Регулиран дојдовен повик во роаминг | 0,04 €/min | 0,025 €/min |
| Регулирана појдовна СМС порака во роаминг | 0,06 €/SMS | 0,06 €/SMS |
| Регулирани услуги за пренос на податоци во роаминг | 0,18 €/MB | 0,18 €/MB |

„Домашна малопродажна цена“ значи малопродажен единечен надоместок на операторот кој ја овозможува роаминг услугата по единица на направени повици и испратени СМС пораки (вклучително и оние кои започнуваат и завршуваат во различни национални јавни комуникациски мрежи), како и податоците кои што ги потрошил претплатникот во националниот пазар. Во случај кога нема специфична домашна молопродажна наплата по единица, домашната малопродажна цена ќе се смета врз основа на истиот механизам за наплата како оној што се применува на претплатникот за направени повици и испратени СМС пораки (вклучително и оние кои започнуваат и завршуваат во различни национални јавни комуникациски мрежи) и податочни услуги искористени од страна на претплатникот во националниот пазар;

Како исклучок во периодот од 1.7.2019 до 31.12.2019 година под „домашна малопродажна цена“ се подразбира единствена просечна малопродажна цена на операторите кои ја овозможуваат роаминг услугата за направени повици, испратени СМС пораки, ка-

ко и пренос на податоците од страна на претплатниците на операторите во националниот пазар која што се пресметува така што вкупните приходи од направените повици, испратени СМС пораки, како и пренос на податоци во националниот пазар во 2018 година ќе се поделат со вкупниот волумен на реализираниот сообраќај на сите оператори во истиот период за секоја услуга. Просечните домашни малопродажни цени во националниот пазар во 2018 година се дадени во Табела 3:

Табела 3:

| | Просечна домашна малопродажна цена (без ДДВ) |
|---|---|
| Повици | 1.2 денари/минута |
| СМС порака | 1,0 денари/СМС |
| Пренос на податоци | 0,076 денари/MB |

За регулираните повици во роаминг нема да се наплаќа надоместок за воспоставување на повик. Ако постои надоместок за воспоставување на повик во домашните малопродажни тарифи, овој надоместок нема да се наплаќа во регулираните малопродажни цени во роаминг.

Операторите нема да применуваат никакви дополнителни надоместоци за дојдовните регулирани СМС пораки во роаминг или за дојдовни пораки за говорна пошта во роаминг. Ова не се однесува за надоместоците на другите услуги, како што се оние за преслушување на таквите пораки.

Наплатата на дополнителниот надоместок за регулираните појдовни или дојдовни повици во роаминг треба да бидат по секунда. Операторот може да примени почетен минимален период на наплата кој не надминува 30 секунди за регулирани појдовни повици во роаминг. Наплатата на дополнителниот надоместок за регулирани услуги за пренос на податоци во роаминг треба да биде на основа на килобајт, освен за ММС пораки каде основата за наплата може да биде по единица. Во таков случај надоместокот кој што операторот може да го наплати од претплатникот за пренос или прием на ММС порака во роаминг не треба да ја надмине максималната регулирана малопродажна цена за пренос на податоци.

Роаминг корисниците не треба да бидат исклучени од можноста да ги користат понудите на операторите каде што за дневни или фиксни периодични надоместоци се вклучени одреден волумен на регулирани услуги во роаминг под услов при целосен потрошен волумен на овие понуди единечната цена за направени регулирани повици, испратени СМС пораки и услуги за пренос на податоци во роаминг да не ја надминуваат соодветната домашна малопродажна цена и максималниот дополнителен надоместок како што е утврдено во табела 1.

б) Максимални просечни големопродажни цени на регулирани роаминг услуги во регионот на Западен Балкан (без ДДВ)

Од 1 јули 2019 до 30 јуни 2021 година, максималната просечна големопродажна цена за регулирани услуги во роаминг, која операторот може да ја наплати, е дадена во Табела 4. (без ДДВ).

Табела 4

| Услуга | цена (01.07.2019. - 30.06.2020.) | цена (01.07.2020. - 30.06.2021.) |
|---|---|---|
| Регулиран појдовен повик во роаминг | 0,05 €/min | 0,05 €/min |
| Регулирана појдовна СМС порака во роаминг | 0,02 €/SMS | 0,02 €/SMS |
| Регулирани услуги за пренос на податоци во роаминг | 0,025 €/MB | 0,015 €/MB |

Просечните големопродажни цени се применуваат помеѓу два оператори и се пресметуваат за период од 12 месеци или кој било пократок период што може да остане пред истекот на периодот на примена на максималната просечна големопродажна цена.

Максималната просечна големопродажна цена треба во себе да ги вклучуваат трошоците за започнување, транзитирање и завршување на повик. Просечната големопродажна цена за повици се пресметува преку делење на вкупниот големопродажен приход од регулирани повици во роаминг со вкупниот број на големопродажни повици во роаминг изразени во минути кои се навистина искористени за обезбедување на големопродажни повици во роаминг во рамките на земјите потписнички на Спогодбата од страна на релевантниот оператор во релевантниот период, агрегирани по секунда и прилагодени така што ќе се земе во предвид можноста за примена на почетен минимален период на наплата кој не може да биде подолг од 30 секунди.

Просечна големопродажна цена за СМС-пораки се пресметува со делење на вкупниот големопродажен приход од започнати и пренесени регулирани СМС пораки во роаминг во рамките на земјите потписнички на Спогодбата од страна на релевантниот оператор во релевантниот период, со вкупниот број на СМС пораки започнати и пренесени во истиот период.

Операторот нема да наплатува големопродажен надоместок за завршување на регулирани СМС пораки во роаминг кои што се започнати во рамките на земјите потписнички на Спогодбата.

Просечната големопродажна цена за пренос на податоци се пресметува со делење на вкупниот големопродажен приход од обезбедување на регулирани услуги за пренос на податоци во роаминг со вкупната количина на податоци изразени во мегабајти кои се навистина искористени за обезбедување на оваа услуга во рамките на земјите потписнички на Спогодбата од страна на релевантниот оператор во релевантниот период, агрегирани по килобајти.

в) Максимална големопродажни цени за завршување на повик во мобилни мрежи на регулирани роаминг повици кои потекнуваат и завршуваат во регионот на Западен Балкан (без ДДВ)

Од 1 јули 2019 година до 30 јуни 2021 година, максималната големопродажна цена на услуги за завршување на повик во мобилните мрежи за регулирани роаминг повици кои потекнуваат и завршуваат во рамките на земјите потписнички на Спогодбата се дадени во Табела 5. (без ДДВ).

Табела 5

| услуга | цена (01.07.2019. - 30.06.2020.) | цена (01.07.2020. - 30.06.2021.) |
|---|---|---|
| Завршување на повик во мобилни мрежи | 0,04 €/min | 0,025 €/min |

Цените за завршување на повик во мобилните мрежи за регулирани роаминг повици се пресметуваат преку делење на вкупниот големопродажен приход од завршување на повик во мобилни мрежи со вкупниот број минути на завршени повици во мобилна мрежа кои се навистина искористени за обезбедување на регулирани роаминг повици кои потекнуваат и завршуваат во рамките на земјите потписнички на Спогодбата од страна на релевантниот оператор во релевантниот период, агрегирани по секунда.

II

Операторите може да понудат, а претплатниците да прифатат цени за роаминг услуги различни од оние на регулираните малопродажни роаминг услуги дефинирани во точка I, потточка а) од оваа Одлука. Во овој случај операторот треба да го информира претплатникот за предностите од користењето на овие цени за роаминг услугите како и можностите кои што нема да ги искористи доколку би користел роаминг услуги по регулирани цени.

Претплатникот во секое време може да побара да се префрли помеѓу различни цени на регулираните роаминг услуги, оние дефинирани во точка I, потточка а) од оваа Одлука и оние дефинирани во првиот став на оваа точка. Операторот треба да го направи ваквото префрлање за еден работен ден од приемот на барањето на претплатникот, без надоместок и не треба да предизвика никакви условувања или ограничувања на другите елементи од претплатата освен во делот на роамингот. Претплатникот има право да прави префрлање помеѓу различни цени за регулираните роаминг услуги најмногу еднаш во два месеци.

Операторите треба да ги применат цените на регулираните малопродажни роаминг услуги дефинирани во точка I, подточка а) од оваа Одлука на сите постојни и нови претплатници.

Одредбите од оваа точка не се однесуваат на политиките на операторот за промена на тарифните модели за кои што претплатникот склучил претплатнички договор.

Измените на претплатничките договори кои ќе бидат направени како последица од обврските на операторите кои произлегуваат од оваа одлука нема да се сметаат за еднострана измена на претплатничките договори од страна на операторот.

III

Цените за малопродажните услуги во роаминг утврдени со оваа одлука изразени во денари без ДДВ ќе се пресметуваат по среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија објавен на 1 јуни во тековната година.

IV

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Агенцијата за електронски комуникации.

О б р а з л о ж е н и е

Во член 75-а од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018 и 98/2019) е предвидено дека Агенцијата има право на операторите кои поседуваат јавни мобилни комуникациски мрежи и обезбедуваат јавни мобилни комуникациски услуги да им утврди максимални цени на услугите кои ги нудат во роаминг на корисниците од земјите со кои Република Северна Македонија има склучено спогодба, меморандум, договор или протокол за намалување на цените на услугите во роаминг во јавни мобилни комуникациски мрежи, на реципрочна основа, кои не можат да бидат повисоки од цените на истите услуги кои важат помеѓу земјите членки на Европската Унија. Во истиот член е предвидено дека Агенцијата има право на операторите кои обезбедуваат јавни електронски комуникациски услуги да им утврди максимални цени на големопродажните услуги за завршување на меѓународни повици од земјите со кои Република Северна Македонија има склучена спогодба, меморандум, договор или протокол за истото, на реципрочна основа.

Спогодбата за намалување на цената на роаминг услуги во јавни мобилни комуникациски мрежи во регионот на Западен Балкан е склучена на 4.4.2019 година во Белград меѓу министерствата одговорни за областа на електронските комуникации: на Република Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Република Северна Македонија, Република Србија и Косово.

Бидејќи во Спогодбата е наведено дека термините кои што се употребени во неа го имаат истото значењето како и термините од ЕУ регулативите, дефинициите на термините во точка I подточка а) од оваа Одлука се во согласност со следните регулативи во Европската Унија:

- Регулатива на ЕУ број 531/2012 изменета согласно Регулативата на ЕУ број 2015/2120 на Европскиот Парламент и Совет од 25-ти ноември 2015 година и Регулативата на ЕУ број 2017/920 на Европскиот Парламент и Совет од 17-ти мај 2017 година,
- Регулатива на ЕУ број 2016/2286 од 15-ти декември 2016 година.

Во согласност со член 4 од Спогодбата, регулаторни тела за електронски комуникации во регионот на Западен Балкан ќе бидат одговорни за спроведување на одредбите од истата Спогодба, вклучувајќи ги и регулирањето на цените за завршување на повик во мобилни мрежи на регулирани роаминг повици кои потекнуваат и завршуваат во регионот на Западен Балкан.

Со оглед на ова, а во согласност со член 24 став (1) алинеја (5) и член 75-а од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018,

21/2018 и 98/2019), а во согласност со Спогодбата за намалување на цената на роаминг услугите во јавните мобилни комуникациски мрежи во регионот на Западен Балкан потпишана на 4.4.2019 година помеѓу министерствата одговорни за областа на електронски комуникации: Република Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Република Северна Македонија, Република Србија и Косово, директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе Одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истиот.

Бр. 1306-1738/2
25 јуни 2019 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за електронски комуникации,
**Сашо Димитријоски,** с.р.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1933.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), член 18 од Правилникот за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 95/19 и 103/19), согласно Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија за потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем во сопственост на АД ЕЛЕМ - Скопје („Службен весник на РМ“ бр.27/12 и 113/14), постапувајќи по Барањето за утврдување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за вршење на регулираната дејност дистрибуција на електрична енергија на АД ЕСМ Скопје, подружница Енергетика за 2019 година, УП1 бр. 08-40/19 од 15 мај 2019 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28 јуни 2019 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД, РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ТАРИФА И ТАРИФИ ЗА ПРЕСМЕТКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА АД ЕСМ СКОПЈЕ, ПОДРУЖНИЦА ЕНЕРГЕТИКА ЗА 2019 ГОДИНА

1. Регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија, се одобрува да изнесува 47.328.344 денари за 2019 година.

2. Регулираната просечна тарифа за дистрибуција на електрична енергија за 2019 година се утврдува да изнесува 0,1943 ден/kWh за планирана испорака на 243.632.712 kWh електрична енергија за потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем.

3. Во согласност со регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност утврден со точка 1 од оваа Одлука, и тарифите за пресметковни елементи за пренос на електрична енергија за 2019 година утврдени со Одлуката за одобрување на регулиран максимален приходи, просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје за 2019 година, тарифите за пресметковните елементи за категориите на потрошувачи, врз основа на кои АД ЕСМ Скопје, подружница Енергетика, како вршител на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија, им го фактурира надоместокот за користење на дистрибутивниот систем, изнесуваат:

| Пресметковен елемент | Единица | Тарифи за пресметковни елементи (без вкалкулирана тарифа за пренос на електрична енергија) | | |
|---|---|---|---|---|
| | | категорија на потрошувачи | | |
| | | висок напон (HV) | среден напон (MV) | низок напон (HV) |
| Врвна активна моќност | ден/kW | 13,2262 | 76,7807 | X |
| активна електрична енергија | ден/kWh | 0,0094 | 0,0325 | 0,9680 |
| Прекумерно превземена реактивна електрична енергија | ден/kvarh | 0,0038 | 0,0130 | 0,3872 |

| Пресметковен елемент | Единица | Тарифи за пресметковни елементи (со вкалкулирана тарифа за пренос на електрична енергија) | | |
|---|---|---|---|---|
| | | категорија на потрошувачи | | |
| | | висок напон (HV) | среден напон (MV) | низок напон (HV) |
| Врвна активна моќност | ден/kW | 16,0202 | 79,5747 | X |
| активна електрична енергија | ден/kWh | 0,1798 | 0,2029 | 1,1385 |
| Прекумерно превземена реактивна електрична енергија | ден/kvarh | 0,0719 | 0,0812 | 0,4554 |

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од 1 јули 2019 година.

УП1 бр. 08-40/19
28 јуни 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

**1934.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), член 18 од Правилникот за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 95/19 и 103/19), во согласност со Тарифниот систем за дистрибуција на електрична енергија за потрошувачите приклучени на електродистрибутивниот систем на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 95/19), постапувајќи

по Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и регулирани тарифи за 2019 година за вршење на регулирана дејност дистрибуција на електрична енергија на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, УП1 бр. 08-43/19 од 22 мај 2019 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД, РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ТАРИФА И ТАРИФИ ЗА ПРЕСМЕТКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија регулираниот максимален приход (MAR), се одобрува да изнесува 8.054.290.495 денари регулираниот максимален приход (MAR).

2. Регулираната просечна тарифа за дистрибуција на електрична енергија за 2019 година се утврдува да изнесува 1,4963 ден/kWh за планирана испорака на 5.382.779.754 kWh електрична енергија за потрошувачите приклучени на дистрибутивниот систем.

3. Во согласност со регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија утврден со точка 1 од оваа Одлука, и просечната тарифа за пренос на електрична енергија за 2019 година (0,1757 денkWh) утврдена со Одлука за одобрување на регулиран максимален приходи, просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, АД МЕПСО - Скопје за 2019 година, тарифите за пресметковните елементи за категориите на потрошувачи, врз основа на кои Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, како вршител на енергетската дејност дистрибуција на електрична енергија, им го фактурира надоместокот за користење на дистрибутивниот систем, изнесуваат:

| категории на приклучоци | Тарифи за пресметковни елементи (без вкалкулирана тарифа за пренос на електрична енергија) | | |
|---|---|---|---|
| | моќност (ден/kW) | активна ел.енерг (ден/kWh) | реактивна ел.енергија (ден/kvarh) |
| MV1 | 82,32 | 0,0442 | 0,0177 |
| MV2 | 155,41 | 0,1288 | 0,0515 |
| LV1.2 | 246,19 | 0,2054 | 0,0821 |
| LV1.1 | x | 1,0380 | x |
| LV2 | x | 1,8051 | x |

| категории на приклучоци | Тарифи за пресметковни елементи (со вкалкулирана тарифа за пренос на електрична енергија) | | |
|---|---|---|---|
| | моќност (ден/kW) | активна ел.енерг (ден/kWh) | реактивна ел.енергија (ден/kvarh) |
| MV1 | 82,32 | 0,2199 | 0,0177 |
| MV2 | 155,41 | 0,3045 | 0,0515 |
| LV1.2 | 246,19 | 0,3811 | 0,0821 |
| LV1.1 | x | 1,2137 | x |
| LV2 | x | 1,9808 | * |

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од 1 јули 2019 година.

УП1 бр. 08-43/19
28 јуни 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

**1935.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), член 17 од Правилникот за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 95/19 и 103/19), во согласност со Тарифниот систем за пренос на електрична енергија и за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 95/19 и 103/19), постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и просечна тарифа за вршење на регулирана дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје за регулираниот период 2019 година, УП1 бр. 08-44/19 од 30 мај 2019 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ТАРИФА ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ОРГАНИЗИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ОПЕРАТОРОТ НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, АД МЕПСО СКОПЈЕ**

1. Регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија, се одобрува да изнесува 35.794.115 денари за 2019 година.

2. Регулираната просечна тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија за 2019 година се утврдува да изнесува 0,0049 ден/kWh за тргување со планирани количини на електрична енергија од 7.283.011.038 kWh.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 јули 2019 година.

УП1 бр. 08-44/19
28 јуни 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

**1936.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), член 18 од Правилникот за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 95/19 и 103/19), во согласност со Тарифниот систем за пренос на електрична енергија и за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 95/19 и 103/19), постапувајќи по Барањето за одобрување на регулиран максимален приход и просечна тарифа за вршење на регулирана дејност пренос на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје за регулираниот период 2019 и 2020 година, УП1 бр. 08-45/19 од 30 мај 2019 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД, ПРОСЕЧНА ТАРИФА И ТАРИФИ ЗА ПРЕСМЕТКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ОПЕРАТОРОТ НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, АД МЕПСО СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија, се одобрува да изнесува 1.197.164.728 денари за 2019 година.

2. Регулираната просечна тарифа за пренос на електрична енергија за 2019 година се утврдува да изнесува 0,1757 ден/kWh за планирана испорака од 6.813.925.374 kWh електрична енергија на излез од преносната мрежа.

3. Во согласност со регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност утврден со точка 1 од оваа Одлука, тарифите за пресметковните елементи врз основа на кои АД МЕПСО Скопје, како вршител на енергетската дејност пренос на електрична енергија, го фактурира надоместокот за користење на електропреносниот систем, изнесуваат:

| Тарифи за пресметковни елементи | | |
|---|---|---|
| Врвна активна моќност (ден/kW) | активна ел.енергија (ден/kWh) | реактивна ел.енергија (ден/kvarh) |
| 2,7940 | 0,1704 | 0,0682 |

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од 1 јули 2019 година.

УП1 бр. 08-45/19
28 јуни 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

**1937.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 235 став (2) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 31 став (1) точка 2) и став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19 и 54/19), постапувајќи по службена должност, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 јуни 2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ ВО КРАЕН СЛУЧАЈ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Лиценцата за вршење на енергетската дејност снабдување во краен случај со електрична енергија на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје, издадена со Одлука УП1 бр.07-10/14 од 17 февруари 2014 година и изменета со Одлука УП1 бр.07-10/14 од 30 декември 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/14 и 2/17) ПРЕСТАНУВА.

2. Оваа Одлука влегува во сила на 1 јули 2019 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 07-10/14
27 јуни 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

**1938.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 235 став (2) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 31 став (1) точка 2) и став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19 и 54/19), постапувајќи по службена должност, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 јуни 2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ ВО КРАЕН СЛУЧАЈ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Лиценцата за вршење на енергетската дејност снабдување во краен случај со електрична енергија на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во државна сопственост, Скопје, издадена со Одлука УП1 бр.07-18/14 од 27 февруари 2014 година и изменета со Одлука УП1 бр.07-18/14 од 6 февруари 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/14 и 15/17) ПРЕСТАНУВА.

2. Оваа Одлука влегува во сила на 1 јули 2019 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 07-18/14
27 јуни 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

**1939.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 235 став (2) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 31 став (1) точка 2) и став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19 и 54/19), постапувајќи по службена должност, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 јуни 2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ТАРИФНИ ПОТРОШУВАЧИ**

1. Лиценцата за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје, издадена со Одлука бр.02-1455/1 од 28 ноември 2005 година, изменета со Одлука УП1 бр.07-153/15 од 27 ноември 2015 година, продолжена со Одлука УП1 бр.07-152/15 од 30 ноември 2015 година и изменета со Одлука УП1 бр.07-152/15 од 30 декември 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 104/15, 211/15, 217/15 и 2/17) ПРЕСТАНУВА.

2. Оваа Одлука влегува во сила на 1 јули 2019 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 07-152/17
27 јуни 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

**1940.**

Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), член 27 од Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите кои ги снабдува универзалниот снабдувач и снабдувачот во краен случај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 164/18), постапувајќи по Барањето за одобрување на предлог цени на пресметковните елементи за 2019 година за потрошувачи на електрична енергија кои ги снабдува универзалниот снабдувач ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје, УП1 бр. 08-37/19 од 15 мај 2019 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28 јуни 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ-ЦЕНИ НА ПРЕСМЕТКОВНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈУЛИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2019 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ПОТРОШУВАЧИ КОИ ГИ СНАБДУВА УНИВЕРЗАЛНИОТ СНАБДУВАЧ ЕВН ХОМЕ ДОО СКОПЈЕ**

1. Регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на потрошувачи на електрична енергија кои ги снабдува универзалниот снабдувач за периодот од 1 јули до 31 декември 2019, се одобрува да изнесува, 8.864.934.776 денари, за испорачани 1.886.547.574 kWh електрична енергија.

2. Во согласност со регулираниот максимален приход утврден во точка 1 на оваа Одлука, цените на пресметковни елементи врз основа на кои потрошувачите ја плаќаат испорачаната електрична енергија изнесуваат:

2.1 За категорија на потрошувачи на 35 kV напонско ниво и категорија на потрошувачи на 6kV,10(20) kV напонско ниво

| Пресметковна величина | Единица | Тарифно време | Тарифен став (денари) | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Потрошувачи на висок напон | | |
| | | | 35 kV * | 35 kV | 10 kV |
| Моќност | kW | | 943,62 | 994,66 | 767,14 |
| Енергија | kWh | ВТ | 2,33 | 2,92 | 3,22 |
| | | НТ | 1,17 | 1,51 | 1,58 |
| | kvarh | ВТ | 0,57 | 0,76 | 0,71 |
| | | НТ | 0,22 | 0,37 | 0,44 |

2.2 За категорија на потрошувачи на 0,4 kV (380 / 220V) напонско ниво

| Пресметковна величина | Единица | Тарифно време | Тарифен став (денари) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Потрошувачи на низок напон 0,4 kV | | | | |
| | | | Домаќинства | | Останата потрошувачка | | |
| | | | Еднотарифно мерење | Двотарифно мерење | I Тарифенстепен | II Тарифенстепен | Јавно осветлување |
| Моќност | kW | | | | 745,76 | | |
| Енергија | kWh | ВТ | 4,44 | 5,54 | 3,57 | 8,63 | 5,56 |
| | | НТ | | 2,78 | 1,75 | | |
| | kvarh | ВТ | | | 0,88 | 1,64 | |
| | | НТ | | | 0,45 | | |

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од 1 јули 2019 година.

УП1 бр. 08-37/19
28 јуни 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622
2019132